Во акта-Арх. Знак: 0202
Рок на чување: трајно год.
20 год. Потпис,

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ,
ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ"
ул. „16 Македонска бригада" бр. 1, 1000 Скопје
деканат: 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-348/11**
**20.10.2021 година**

Врз основа Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 489 од 25 март 2020 година) и Одлуката на Наставно научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" за начинот на реализација на дејностите на факултетот согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на ширење на болеста CoVid-19 (Универзитетски гласник бр. 490 од 1-ви април 2020 година), Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" на својата 9-та (деветта) редовна одржана на ден 20.10.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за исполнетост на условите за реализација на теренската настава во зимскиот семестар од академската 2021/2022 година на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем"

### Предмет на уредување
### Член 1

Со оваа Одлука се уредува исполнетоста на условите за реализација на теренската настава по предметите во зимскиот семестар од академската 2021/2022 година согласно Одлуката на Наставно научниот совет за начинот на реализација на дејностите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на ширење на болеста CoVid-19 (Универзитетски гласник бр.490 од 1-ви април 2020 година) .

### Исполнетост на условите за реализирање на теренска настава
### Член 2

Согласно член 2 став 5 од Одлуката на Наставно научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" за начинот на реализација на дејностите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем", создадени се услови за реализирање на теренската настава во зимскиот семестар од академската 2021/2022 година само за предметите за кои е предвидено истата да се изведува во Скопје, додека за предметите поврзани со патување надвор од Скопје. не се создадени услови за реализирање на теренската настава во зимскиот семестар од академската 2021/2022 година.

Во зимскиот семестар од академската 2021/2022 година, теренската настава за предметите за кои е предвидено истата да се изведува во Скопје, теренската настава ќе се изведува.

Во зимскиот семестар од академската 2021/2022 година, теренската настава за предметите поврзани со патување надвор од Скопје, нема да се изведува, освен доколку истата може да се реализира во Скопје или околината така што нема да се користи организиран превоз. За студентите кои во овој семестар запишале предмети за кои е предвидена теренска настава со патување надвор од Скопје истата ќе се смета дека е изведена.

### Влегување во сила
### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

декан
проф. д-р Кирил Сотировски